# MASS MEDIA AS A FACTOR FOR REALIZING STUDENTS' FREE TIME AND INCITING THEIR ASOCIAL BEHAVIOR

**Nazmije Shaqiri**
University of Tetovo, Republic of North Macedonia, nazmije.shaqiri@unite.edu.mk
**Besa Havziu**
University of Tetovo, Republic of North Macedonia, besa.havziu@unite.edu.mk

**Abstract:** The exposure of children and young people to numerous impacts of consumer society, social institutions' demands towards them, impose on young people to use their free time as a space to "escape from reality", pressure and disappointment, rather than seeking quality. In such circumstances, the space for free time remains open to various forms of influences and deviant behaviors undesirable and unacceptable in the society.
The modern definition of free time can identify four needs of young people: the need for fun, for free time, recreation and the cultural aspects of spending free time. In today's society, mass culture is a dominant form of spending free time. The world in which we live today, is a world of countless communications and a world of media. Moreover, young people spend a great amount of time in front of the television, which is reflected on their physical and mental development. Mass communication means are not always carriers of activities which positively affect free time, especially among young people. Television shows, radio programs, violent themes movies, violations of human values, human threats, robberies, etc., are quite often broadcasted without censorship and find victims of an unstable character and frustrated individuals, in whom, the abovementioned leaves permanent negative consequences. Through the method of theoretical analysis, this paper aims to present the impact of the mass culture on the realization and use of free time in young people.
The main issue is the dehumanization of the relations in society created by the unreasonable use of free time. This implication of the society must be organized into the work means and forms to eliminate or at least consciously adopt measures to prevent them.
Therefore, we suggest that the focus should be on different television contents, which should transmit contents that will interest and relax the younger generations, which should, at the same time, impact their moral and build their character. TV programs should be adapted according to their age and every media house should be careful about the part of the day the programs are broadcasted.
**Keywords**: free time, mass media, deviant behavior, children, youngsters

# МАС-МЕДИУМИТЕ КАКО ФАКТОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И ПОТТИКНУВАЊЕ НА НИВНОТО АСОЦИЈАЛНО ПОВЕДЕНИЕ

**Назмије Шаќири**
Универзитет во Тетово, Република Северна Македонија, nazmije.shaqiri@unite.edu.mk
**Беса Хавзиу**
Универзитет во Тетово, Република Северна Македонија, besa.havziu@unite.edu.mk

**Апстракт:** Изложувањето на децата и младите на многу влијанија на потрошувачкото општество, барањата што им ги поставуваат социјалните институции, наместо квалитетот, им наметнуваат на младите да го користат своето слободно време како простор за „бегство од реалноста“, притисок и разочарување. Во такви околности, просторот за слободно време станува отворен за многуте форми на непожелни и неприфатливи влијанија и девијантни однесувања во општеството.
Современата дефиниција за слободно време може да идентификува четири потреби на младите: потребата за забава, за слободно време, рекреација и културни аспекти на слободното време. Во денешното општество, масовната култура е доминантна форма на користење на слободно време. Денес светот во кој живееме е свет на безброј комуникации и свет на медиуми. Покрај тоа, денес младите луѓе долго стојат пред телевизијата што се рефлектира во нивниот физички и ментален развој. Масовните медиуми не се секогаш носители на активности со позитивно влијание во слободно време, особено кај младите. Содржините на телевизиските емисии, радио програми, филмови со насилни теми, кршење на човечките вредности, човечки закани, кражби и сл., честопати се емитуваат без цензура и наоѓаат жртви со лабилен карактер и фрустрирани лица, во кои горенаведеното остава постојани негативни последици.

Овој труд има за цел преку методот на теоретска анализа, да го претстави влијанието на масовната култура врз реализацијата и користењето на слободното време за младите. Главниот проблем зборува за дехуманизацијата на односите во општеството создадено со неконструктивно користење на слободното време. Оваа импликација на општеството мора да биде организирана во средствата на масовната култура и формите на работата на елиминација или барем свесно да донесе мерки за нивно спречување.
Значи, велиме дека ориентацијата треба да биде врз различните телевизиски содржини што треба да се грижат за ставање на содржината што ги интересира и релаксира помладите генерации, истовремено да има влијание врз моралот и да го гради нивниот карактер. ТВ-програмите треба да се прилагодат на возраста, и секоја медиумска куќа треба да внимава во кој дел од денот емитува определена програма.
**Клучни зборови**: слободно време, мас-медиуми, девијантно однесување, деца, млади.

*Медиумското образование е прашање на вклучување и воспитување во денешните информациски општества. Тоа е една основна вештина... Демократијата зависи од активното учество на граѓаните во животот на нивната заедница и медиумското образование за да го обезбеди нивниот потребен капацитет за давање смисла на протокот на информации распространети преку новите комуникациски технологии (Препорака на Европската комисија, 2009 г.)*

## 1. ВОВЕД

Во денешното општетсво како доминантен облик на користење на слободното време секако претставува и масовната култура. Денеска светот во кој живееме е свет на безброј комуникации и свет на медиуми. При што велиме дека, секој припадник на општеството треба да има медиумска писменост што подразбира познавање на основните карактеристики и функции на средствата за масовно комуницирање бидејќи без нив човекот не може да живее и да се снајде во животот (Груевски, 2011).
Карактеристиките на денешниот општествен развој (брз развој на науката и техниката, компјутеризација на голем број дејности од научен интерес, мултимедиски приказ на настаните и личностите итн.), непосредно се битни фактори за развој на сите општествени појави и процеси (Попова-Коскарова, 2005).
Воспитанието и образованието како историски променливи општествени категории се менуваат со различните општествени промени, кои на директен начин се преплетуваат и бараат нови образовни реформи во зависност од технолошките промени.
Уште во 1952 година познатиот филозоф Бертранд Расел го нарекол период што следи - *научно-технолошки прогрес.* Во тој контекст авторот Ј. Ѓорѓевиќ (1988) вели: „***Научно–техничката револуција, претставува најзначаен општествено-историски процес во втората половина на нашиот век и се состои од три суштински елементи: производство, наука и образование. Образованието треба да ги одразува процесите, промените кои се случуваат во производсвото, технологијата и науката, а исто така што претставува и активен фактор на прогресивните промени кои ќе влијаат врз забрзувањето на научно-технолошката револуција и на понатамошниот развој на производството. Но, подрачјето на образованието се развивало поспоро, па научно-техничката револуција довела до заострување на противречностите меѓу образованието, производството и науката, поради што проблемите на образованието не може да се решаваат со традиционални методи и по пат на еволуција***”.
Целокупниот систем на денешното воспитание и образование се стреми кон создавање на таква личност на ученикот кој ќе биде подготвен своите знаења, умеења и вештини да ги примени во секојдневиот живот, односно создавање на креативни личности, личности кои мислат и дејствуваат на правилен начин. Оттука проучувањето на овој теоретски проблем претставува основа за унапредување и поширокото воспитно влијание кое се однесува на масовната култура врз реализацијата и користењето на слободното време на младите. Според тоа сметаме дека медиумското образование претставува прашање повеќе од основно кога треба да се решаваат поголемиот број на различни општествени потреби и поведенија на младите во однос на подобрување на квалитетот на нивното воспитание и образование во слободното време.

## 2. ПОЗИТИВНИТЕ И НЕГАТИВНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА МАСОВНАТА КУЛТУРА

Позитивните вредности на масовната култура можат да се одвиваат на сите воспитни подрачја како морално, естетско, работно, физичко и интелектуално воспитание.
Во средствата за масовна комуникација спаѓаат телевизијата, филмот, радиото, детските весници, списанија и сл. Нивните содржини имаат извонредно значајна, едукативна и информативна вредност. Детето слуша и гледа содржини кои инаку не се достапни, а со тоа ги задоволува своите интереси и желби (Баракоска, 2003).
Како посебно значење во насока на воспитното делување кај младите ТВ - како медиум се мисли дека го опфаќа и поголемиот дел од нивното слободно време.

Исто така воспитно образовните вредности на телевизијата како медиум, произлегуваат всушност и од нејзината природа кога се имаат нејзините функции како аудовизуелно наставно средство и воедно комуникациски систем. Во тој контекст авторот Б. Прокиќ (1975) вели: Наставните средства кои со својата конструкција ги објаснуваат, а не само прикажуваат предметите ја надминуваат сетилната очигледност. Тие, под услов методски правилно да се применат, импулсивно дејствуваат врз мисловните активности и имаат голема воспитно-образовна дејност.
В. Бригљевиќ (1979) образоложува дека „За разлика од останатите радио-телевизиски програми кои во прв ред се информативни, културни или, систематските едукативни програми инсистираат на пренос на одреден квантум на знаења и нивно усвојување, а како трајна цел и примена".
Со оваа порака авторот ни дава до знаење дека сепак треба да се направи разлика меѓу систематската образовна програма и другите емисии кои не спаѓаат во оваа група и се наменети за пренесување на некои други пораки.
Телевизијата презема голем дел од улогата која им припаѓала на културните институции во минатото. Таа презела моќ со големо влијание во емотивниот и интелектуалниот живот на поединците. Уделот на ТВ во развојот на личноста е противречен. Некои теоретичари сметаат дека "човековото слободно време е телевизијата". Па оттука произлегуваат настојувањата да се подредат телевизиските содржини по вкус на најшироката популација, фаворизирајќи го комерцијалното производство на телевизиските програми и оневозможувајќи го отворањето на човечките културни хоризонти. Други пак сметаат дека телевизијата како комуникациско средство е одраз на економските и културните одлики на општетсвените групи на кои се обраќаат, но тие не допираат до индивидуата. Ј. Димаздие (1974) предупредува на комплексни очекувања од публиката за содржината на ТВ емисијата, затоа што со тоа се постигнува препознавање и желба за бегство, разонода, информација и незаинтересираност.
Маркетингот и промотивните пораки на тутунот во медиумите, особено за младите луѓе кои се многу чувствителни на маркетингот, ја зголемуваат шансата овие млади луѓе од само да пробаат, да се префрлуваат на редовни корисници на тутунот, значи придонесуваат во почеток на потрошуањето на пушењето кај младите. Медиумите го имаат истото влијание и врз употребата на алкохол, со што значително се зголемува бројот на нови потрошувачи на алкохол (Draper, M. et al., 2015).
Покрај тоа денес младите премногу долго седат пред телевизорот што се одразнува на нивниот телесен и психички развој. Средствата за масовно комуницирање не се секогаш носители на активности со позитивно делување или влијание во слободното време, посебно не на младите. Чести се појавите на деструктивно влијание на средствата за јавно информирање. Содржините на ТВ емисиите, радио програмите, филмовите со тематика на насилство, брутално наштетување на човечките доблести и вредности, загрозување на човечкиот живот, ограбувања, силувања и слични приземни побуди на примитивни или неповолни друштва, многу често без цензури одат во етерот и наоѓаат жртви со лабилен карактер меѓу младите и фрустрираните поединци, во кои наведеното остава трајни негативни последици.
За ова и за други негативни последици доаѓа до здравствено-техничка револуција и за тоа пишувале многу автори кои се занимавале со современо другарска стварност од социолошки и педагошки аспект. Овде може да се наведат стручните анализи и размислувања на Hartmuta von Hentiga, кои изнесуваат зависност на младите но и на повозрасните личности во технички, комуникациски и информатички средства. Тие сугерираат дека без телевизијата ќе пропуштиме некои важни информации, најдобри забави, обврски, прилики за добри дела. Овој автор изнесува слични погледи и рефлекси кога се во прашање и други медиуми, како компјутер и филм. Очигледно се работи за дехуманизација на односите во општетсвото кои настануваат заради нерационално користење на слободното време. За ова општо може да се каже дека не се почитуваат начелата за смисла, огранизираност и разновидност на активностите во слободното време. Оваа импликација на општетсвото би требало да се организира со средства и облици на работата на елиминирање или барем свесно поднесување мерка во нивно спречување (Будимир-Никович, 2008).
*Каков ефект постигнуваат насилните емисии кај сите нас, а посебно кај младите?* Ова е најчесто поставуваното прашање кое не тера да размислуваме за вистинската вредност на ТВ-емисиите. Предрасудите се толку силни околу овие прашања што честопати се минимализираат вистинските вредности. Збунувачки делува и фактот што, еднаш медиумите се појавуваат како спасители на оптшеството и животот на младите, а веќе во следната тв-содржина појавуваат како извор на криминалноста и деструктивното однесување на младите. Не е за двојба кога честопати медиумите преку нивните програми и информации се виновни за различното асоцијално, дури понекогаш и криминално однесување на младите, како што велат американските новинари **„good news, are bad news",** затоа што медиумите често пати знаат и да претеруваат како со информативните така и со забавните емисии (Baum, 2003).

Дека е тоа така и дека честопати тие се јавуваат како извор на различни несакани поведенија кај младите генереации ни покажуваат и податоците од истражувањата спроведени од страна на голем број автори кои се занимаваат со оваа проблематика.
Филмовите се поголем вид медиуми кои содржат насилство, а како резултат на тоа овие насилни филмови промовираат агресивни и деструктивни однесувања кај младите затоа што тие сакаат да дуплираат акција во филмовите бидејќи насилните сцени прикажани во филмовите им го допреле умот на луѓето особено кај децата, кои честопати завршуваат во разни несреќни ситуации. Влијанието е толку големо што дури 10-годишно дете со или без свест е во состојба да зборува на навредлив јазик, затоа што е природна тенденција на човековото однесување да ги апсорбира негативните особини побрзо од позитивните. Овој проблем на младите може да се реши и да се спречи затоа што секоја млада личност има право да порасне на безбеден, здрав и среќен начин, затоа мора да направиме нешто за да го намалиме насилството во медиумите пред тоа да му наштети на нашето општество (Tripathy, P. C., Maharana, K. C., & Gochhait, S., 2015). Сепак, филмовите со вакви содржини не влијаат на сите гледачи на негативен начин. Бидејќи филмовите со иста содржина можат да имаат различно влијание врз децата и младите гледачи. Некои од нив се рамнодушни кон содржината на филмот. Како филмот ќе влијае врз децата зависи од многу фактори, како и од личнста на децата и младите гледачи (Dida, 1996).
Авторите Мусич, Х., и Кучанович, М. (2014) во нивниот труд сметаат дека: Влијанието на телевизиската содржина врз психолошкиот развој на децата е огромно, затоа што секое дете има можност да ги набудува и имитира околните возрасни, како и да се идентификува себеси во главните ликови, имитирајќи ги нивните однесувања, движења и говор, затоа е многу неопходно во овој поглед да им кажат на децата кои програми можат и што треба да гледаат, колку време можат да поминат пред телевизорот, затоа што последново го намалува времето што можат да го поминат на други корисни активности како што се: читање, рекреација, играње итн. Резултатите од истражувањето покажуваат дека децата и возрасните поминуваат повеќе часови во текот на денот пред телевизија, така што тоа е фактор со позитивно или негативно влијание врз физичкиот и менталниот развој на една личност.
Во Франција во 2002 год. се отворила дебата после убиството на едно младо девојче од страна на едно момче, кој бил ученик во средно образование (liceu). Ученикот во својата изјава декларирал дека причината за извршеното убиство било токму неговото воодушевување од филмот ***„Scream”,*** кој по следење на неколку пати во текот на повеќе години добил мотивација да изврши брутално убиство кон едно младо девојче. Слични случаи се појавуваат и во истражувањата кои се спроведени во стотици семејства во САД, каде поголеми кражби, потоа консумирање на определени наркотични средства, проституција и слично од страна на нивните деца (млади) се поттикнати од различните ТВ емисии и филмови кои ги мотивирале младите да прераснат во деструктивни личности, односно непосакувани општествени личности. Оттука сметаме дека со право францускиот социолог Лилиан Лукрат според Бале (2011) во делото ***„La manipulation des enfants” (Детска манипулација)*** констатира дека***: Кога младите поминуваат повеќе од прекумерни часови пред телевизиските екрани, толку повеќе се изложуваат и во извршување на насилство, агресија, заканување, употреба на оружје и слични други асоцијални поведенија.***
Оттука може да се каже дека од различните телевизиски содржини се бара да ги заинтересираат и релаксираат младите генерации, а воедно да делуваат морално и воспитно во градењето на нивната личност. ТВ-содржините треба да се прилагодени на возраста и секоја медиумска куќа треба да внимава во кој период од денот емитува некоја емисија.
Во овој поглед е донесен и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013) во РСМ, кјо во членот 50 предвидува заштита на малолетни лица. Според ставот 1 кој гласи: Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да емитуваат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или непотребно насилство.
Врз основа на став 2: Непотребно насилство претставува ширење текстуални, вербални и визуелни пораки со кои, во термини од програмата што им се достапни на малолетниците се глорифицираат физички, вербални или психолошки облици на садизам или слични видови на насилство кое е цел самото за себе и на ниту еден начин не може да се оправда ниту преку контекстот на жанрот, ниту преку мотивите на драмското дејствие на прикажуваната програма. Забраната од ставот (1) на овој член се однесува и на други програми кои веројатно би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, освен кога е обезбедено со нивното емитување или репризирање во одреден временски период и/или со примена на одредена техничка мерка, малолетните лица во периодот на емитување или репризирање нема на вообичаениот начин да ги слушнат или да ги видат тие програми. Кога вакви програми се емитуваат или репризираат во не кодирана форма, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред нивното

емитување да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење.

Според ставот 4 агенцијата ќе ги пропише техничките мерки, периодите на емитување, акустичното предупредување, визуелните знаци и начинот на постапување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член.

Последниот став од член 50 предвидува: Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи можат да емитуваат или реемитуваат програмски сервиси со порнографија само во кодиран облик. Забрането е емитување или реемитување на детска порнографија.

Според тоа сметаме дека, покрај донесувањето на закон кој предвидува ограниченост во емитување на различните медиумски содржини и временската ограниченост на истите сепак, ТВ програмите се презаситени со филмови и сапуници со многу сомнителни содржини и културно-забавни емисии кои немаат вистинска уметничка вредност. На овој начин во свеста на младите се промовира хедонизмот, кичот и ефтината забава.

Гиц (2011) според авторот, Р. Попова вели: „*факт е дека во денешното време, културните потреби на личноста бележат драстичен подем, а во општеството постојат најразлични извори на нивно задоволување, започнувајќи од кичот и шундот, па до вистинската уметност (музика, ликовна, филмска, литературна) со високи квалитети и уметнички вредности*".

Во овој контекст голема е и улогата на семејството како фактор во спречување на несоодветно користење на слободнот време. Јасно е дека медиумите играат поактивна улога во промовирањето на насилството отколку да влијаат врз нејзината превенција. Така, родителите не треба да им дозволат на своите деца да имаат пристап на медиумите и треба да настојуваат да ги научат децата и младите широко и ефикасно за природата на медиумите додека го следат тоа. Така, кога гледаат телевизија или користат интернет, децата и младите треба да бидат свесни дека сè што е презентирано не треба да се прифаќа, туку треба да се има во предвид дека многу работи презентирани во медиумите имаат фиктивен квалитет (ASOĞLU, M., et al., 2018).

Во масовните медиуми покрај ТВ програмите спаѓаат и интернетот, печатот и др, кои пружат квалитетни воспитно-образовни програми. Но, прашањето е како тие се „консумираат" од страна на младите. За тоа, се спроведени испитувања низ светот кои покажале дека „*Квалитетните програми и најмалку се слушаат и гледаат, но, затоа пак, таму каде што има повеќе ТВ канали и повеќе радио станици, уметнички најслабите програми привлекуваат најголем број на гледачи*," (Лангран, 1976).

Покрај горенаброените средства за масовна комуникација денес како доминантен облик на користење на слободното време се исто така компјутерот (интернетот) и социјалните мрежи, кои продираат длабоко во животот на младите и завземаат голем дел од нивното слободно време. Денес младите се повеќе време минуваат пред компјутерите играјќи безвредни, агресивни и неедукативни игри, кои дефинитивно не овозможуваат развивање на комуникативните способности, обогатување на речникот или пак создавање на нови пријателства. Интернет операторите нудат огромен број на информации, но ретко кој од младите знае да ги искористи истите со цел подетално да се информира и да ги збогати своите знаења добиени преку воспитно образовниот систем (Хавзиу, 2019).

Овие програми всушност не придонесуваат во развивање на културата за конструктивно користење на слободното време од страна на младите, а да не зборуваме и за различните социјални мрежи кои покрај позитивните страни, кои што во умерена употреба ги развиваат, постојат и многу други негативни последици кои длабоко влијаат во општиот развој на младата личност. Во тој контекст авторот А. Дамјановски (1969) вели: „Да ги ослободиме младите да го користат слободно време на начин достоен на човекот".

Според тоа сметаме дека кај младите е потребно да развиваме автентични културни, уметнички, морални, естетски, физички и работни вредности, селектирајќи ги оние кои се негативи и кои пружаат несоодветна забава и бегство од конструктивно користење на слободното време.

## 3. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Поаѓајќи од тоа дека слободното време е време кое е на располагање на самата личност на младиот човек, време лишено од обврски (училишни, семејни и општествени) сметаме дека овој дел од нивниот секојдневен живот треба да се исполни со организирани активности, активности кои нудат можност за надминување на пасивноста на младиот човек, но секогаш почитувајќи го принципот на слободен избор.

Средствата за масовно комуницирање остваруваат повеќе функции: информативна, рекреативно – забавна, културна, насочувачка, итн., но имаат и една „посебна" што ја нарекуваме „наркотична дисфункција на средствата за масовно комуницирање". Честопати, масовните медиуми врз читателите, слушателите, гледачите дејствуваат како наркотично средство за нивната општествена активност (Груевски, 2011).

Оттука денешното општество треба најпрвин да формира култура на користење на масмедиумите и тоа преку соработување со семејството, со тоа што ќе назначи дека не е добро цело време да се зјапа во ТВ емисии и серии, а уште помалку да се дозволи дете цело време, континуирано да ги следи различните програми кои се наменети за возрасни, а притоа нималку да не се спречат во тој поглед.

Според ова организираното слободно време се појавува како важен фактор на: еманципацијата на личноста на младите, дава услови за рекреација, активен одмор, можност за социјализација и хуманизацијата, ја подигнува самодовербата, со еден збор има големо влијание во развитокот на личноста, при што на младиот човек му се даваат поголеми можности и избор за правилно и конструктивно користење на слободното време.

Како и на кој начин младите го исполнуваат нивното слободно време е многу битен проблем на денешното општество, при што треба да бидеме многу внимателни кога се во прашање потребите и можностите на младиот човек за негово исполнување.

Покрај училишната дејност младите како член на општеството имаат право да го поминуваат нивното слободно време според нивните желби и потреби, тие имаат длабоки интереси коишто не се во можност да ги реализираат за време на наставата и другите општествено обврски. Така што ако слободното време е добро организирано и овозможува задоволување на нивните интереси и желби, тоа ќе дава позитивни резултати, но доколку се случи спротивното тогаш постои голема опасност од појава на различни девијантни (непожелни) поведенија кај младите.

Оттука заклучуваме дека педагогијата на слободното време во иднина ќе има уште една значајна задача, а тоа е да помогне теоретски во отстранување на причините за антисоцијални манифестации помеѓу децата, младите и возрасните. Во нашата земја, исто така е сфатена потребата за проучување на слободното време и воспитувањето во истото. Во практиката, тоа оди потешко заради материјалните и кадровските ограничувања.

Според горенаведеното сметаме дека потребата за воспитание на младите за правилно и културно поминување на слободното време во склад со нивните занимања и желби се појавува како неопходна и незаменлива во нивниот живот. Со оглед на значењето кое слободното време го има во животот на секој поединец и општествената заедница во целина, потребно е општеството посериозно да се посвети на оваа проблематика. Затоа треба да се залагаме за обезбедување на услови и можности за конструктивно и општествено прифатливо исполнување на слободното време на младите.

Од теоретската анализата на трудот и заклучоците добиени преку теоретската анализа препорачуваме масовната култура да внесе содржини (Тв –емисии) кои придонесуваат:

1. Да се зголеми информираноста на младите за различни културно-уметнички активности (пр. повеќе да посетуваат културни манифестации и настани) кои се реализираат во поширoката општествена заедница.
2. Да се организираат кампањи од група на млади, за важноста на начинот на поминување на слободното време за правилниот развој и здравјето на младите.
3. Да се емитират повеќе културни образовни програми што ќе промовират вредности и едукација кај децата и младите.
4. Да се подигне свеста кај родителите за да обрнат поголемо внимание, кога е во прашање изложеноста на нивните деца во гледање на различни тв- содржини во кои има насилство, ограбувања, силувања, неморални вредности и итн.

**ЛИТЕРАТУРА**

Asoğlu, M., et al. (2018). Impact of media violence elements on the mental health of university youth . *Journal of Harran University Medical Faculty 15(2)*, 64–71.

Balle, F. (2011). *Medias et societies.* Tirana: Ouvarge publie avec le concours du Centre du Live . Tirana: Papirus / prevedeno izdanie.

Baum, M. (2003). *Soft News Goes to War: Public Opinion and Foreign Policy in a New Media Age.* Princeton University Press.

Brigljeviç, V. (1979). *Mjesto i uloga televizije u sustavnoj obrazovnoj akciji.* Osjek: Zivot i skola br. 3-4.

Dida, A. (1996). *Patologjia shoqërore e të miturve në Kosovë.* Prishtinë: Instituti i Filozofisë - Sociologjisë.

Đorđević, J. (1988). Uticaj nauçne-tehniçke revolucije na promene u skoli i na uloga nastavnika. *Pedagoska stvarnost*, 9-10.

Draper, M. et al. (2015). Educational Intervention/Case Study: Implementing an Elementary-Level, Classroom-Based Media Literacy Education Program for Academically At-Risk Middle-School Students in the Non-Classroom Setting. *Journal of Alcohol and Drug Education, 59(2)*, 12-24.

Dumazedier, J. (1974). *Sociology of Leisure.* New York: Elsevier Scientific Publ. Co.,.
Music, H., & Kućanović, M. (2014). Perceiving the Content of Television Programs for Children and Adolescents. *Human: Journal for Interdisciplinary Studies, 4(1)*, 45-49.
Prokiç, B. (1975). *Racionalizacija obrazovanja i adekvatnost statistiçkih i dinamiçkih nastavnih sredstva* . Beograd.
Tripathy, P. C., Maharana, K. C., & Gochhait, S. (2015). Do Violent Movies Create Violence In Youths? - A Study. *Journal of Commerce & Management Thought, 6(3)*, 427–444.
Баракоска, А. (2003). *Педагогија на слободното време.* Скопје: Доминант.
Будимир-Никович, Г. (2008). *Педагогија на слободно време-хрестоматија.* Јагодино: Педагошки Факултет.
Гиц, Л. (2011). *Феноенолоија на кичот.* Скопје: НИП-Глобус.
Груевски, Т. (2011). *Односи на јавноста.* Скопје: НИП-Глобус.
Дамјановски, А. (1969). *Функцијата и структурата на современото општо образование.* Скопје: Просветно дело.
Ланrран, П. (1976). *Uvod u permanentno obrazovanje.* Beograd: BIGZ.
Попова-Коскарова, П. (2005). *Општо образование.* Скопје: НИП-Глобус.
Хавзиу, Б. (2019). *Слободните активности на учениците од средното образование.* Скопје: Литера.
Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013) - РСМ